

СОФИЈА ГО ЗАБРАНИЛА ВЕСНИКОТ ОД 1938 ГОДИНА ЦЕЛОСНО ПОСВЕТЕН НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ! Пишува Блаже МИНЕВСКИ Што пишува во весникот што требал да биде објавен по повод 35 годишнината од смртта на Гоце Делчев и Илинденското востание во 1938 година во Софија и зошто тој бил забранет од бугарската цензура? Еди нствениот ексклузивен печатарски отисок од весник за Гоце Делчев, кој требал да биде објавен пред 75 години во Софија, сега е во Македонија. Спасен е благодарејќи на неговиот уредник Митко Зафировски, кој успеал да го сочува, а потоа, некако и да го донесе во Скопје, во Македонија. Имено, Митко Зафировски заедно со Ангел Динев и уште неколкумина други македонски публицисти, во 1938. година, а по повод 35 годишнината од убиството во Баница, подготвиле специјален број посветен на Гоце Делчев, со неговиот портрет на насловната страница.

Кога бугарската цензура видела, дека во текстовите се зборува за Македонски народ и македонска нација, а никаде не се спомнува дека Македонците се Бугари, весникот веднаш бил забранет, односно било спречено неговото печатење. Сепак, првиот печатарски отисок бил спасен и сега се наоѓа во Народната и универзитетска библиотка “Свети Климент Охридски“. Издавач на весникот е Културно-добротворното братство “Гоце Делчев“ од Софија, кое всушност е друштво на бежанците, Македонци од Кукуш и Кукушко, родниот крај на Гоце Делчев насилно прогонети од Балканските војни 1912-1913 година.

Весникот има десет страници голем формат (70 x 50 см), а во него се објавени важни материјали и сведоштва кои ексклузивно требало да бидат објавени токму во тој специјален број на весникот.

Гоце како македонски национално-револуционерен стратег

Според д-р Михајло Георгиевски, кој долго време работеше во НУБ “Свети Климент Охридски“ како раководител на секторот за старопечатени книги и средновековни ракописи, но ги проучувал иваквите ексклузивни изданија поврзани со македонската историја, станува збор за мошне важен документ за националните позиции на македонската интелигенција меѓу двете светски војни.

“Секој текст објавен во овој весник пред 75 години зборува за чиста, изградена македонска национална свест кај секој автор посебно. Затоа ударно, уште на втората страница, објавени се текстовите “Гоце и народната борба“ од Божин Проданов, потоа “Делчев апостолот“ од Стефан Аврамов, “Јаворов за Гоце Делчев“ белешка од редакцискиот одбор за дејноста на Гоце Делчев, но централно место зазема статијата “Гоце Делчев како национално-револуционерен стратег“.

Во неа јасно и прецизно се изнесуваат погледите и стратегијата на Гоце Делчев за националното ослободување на Македонија: “Гоце Делчев не беше марксистички деец од типот на Благоев и Кирков, туку огнен национал-револуционер. Кон крајот на 19. и на почетокот на 20. век во Македонија претстоеше, не социјалистичка, туку национална револуција! Гоце Делчев правилно го сфати тоа и бесстрашно ги направи потребните чекори.“

Понатаму, во статијата напишана пред 70 години се вели, дека Гоце Делчев, како ретко кој друг македонски револуционер во тоа време, “совршено правилно сфатил дека македонското прашање како национално прашање неразделиво е сврзано со ликвидирање на остатоците на турскиот феудализам и за извојување демократија, земја за селаните и економски, политички и духовно-културни права и слобода на целиот народ“.

Статијата завршува со констатацијата, дека Гоце Делчев со сигурност тргнал по “единствениот возможен пат“, односно по “патот на сплотувањето на сите македонски народни сили во општ национално-револуционерен фронт за реализирање на поставената веќе цел и за отфрлање на сите влијанија одозгора или отстрана“. За да не

биде сето ова сфатено како некаква задоцнета теорија, накалемена врз она што се случувало цели 40 години пред тоа, потврдува и тоа што веднаш, на трета страница, објавено е интервју, потпишано од Димитар Григоров, со тројца блиски другари на Гоце Делчев - Туше Деливанов, Михаил Герџиков и Михаел Чаков, - вели д-р Георгиевски.

Она што Левски е за бугарскиот, Гоце Делчев е за Македонскиот народ!

Војводата Михаил Чаков е човекот кој ги зачувал моштите на Гоце, ги пренел од Баница во Софија, за да можат подоцна да бидат префлени во ослободениот дел на Македонија, во Скопје. Се разбира, дека тој во своето интервју се задржува на многу непознати податоци од револуционерната дејност на Гоце, а особено опширно на описот на Гоцевата смрт, со оглед на тоа што тој бил во непосредна близина кога бил убиен. Кукушанецот, пак, Туше Делииванов, сограѓанин на Делчев, поранешен училишен инспектор и член на Задграничното претставништво на ВМРО во 1902 година, зборува за Гоце од детството. На крајот од интервјуто, на прашањето каков бил Гоце Делчев во револуционерното македонско движење, Туше Делииванов одговара: “Гоце беше најобичниот од сите во македонското револуционерно движење. Само оној кој не го познаваше, само тој не беше готов да тргне со него“.

Дополнувајќи го одговорот на Делииванов, војводата Герџиков, еден од најблиските луѓе на Делчев вели, дека “за македонското револуционерно движење, Гоце Делчев беше тоа што Левски беше за бугарскиот, а Мацина за италијанскиот народ. Но, тој беше и нешто друго, вели Герџиков, тој беше совеста на македонскиот револуционер; единствено тој можеше да ги регулира односите меѓу оделните членови на Организацијата, влезени во неа во разни услови, со разни идеологии, со различно образование, со различно воспитание, излезени од најразлични социјални средини“.

По ова интервју во кое се изнесуваат податоци кои порано никадее не се објавени, следува страница со текстови на Димо Хаџи Димов, Благој Љапчев и Борис Манолов.

Статијата на Димо Хаџи Димов е позната од порано. Таа е напишана во 1924 година по повод 21 година од смртта на Гоце Делчев. Интересна е статијата на Борис Манолев посветена на легендарниот лик на Гоце Делчев и неговата бесмртна револуционерна дејност, која, како што вели Манолев, засекогаш “го издигна во ранг на македонски

национален херој“.

Во текстот, пак, со наслов “Да се сплотиме околу името на Гоце Делчев“, авторот Благој Љапчев се заложува за обединување на македонската емиграција која “заеднички и сложно треба да се бори против угнетувачите на Македонскиот народ“.

Според него, “основна задача на секој Македонец треба да биде неговото национално сознание и борбата за независност на својата родна грутка“. Статијата завршува со ставот, дека “секој Македонец, назависно од своите религиозни, општествени, социјални, политички и други сфаќања, мора да се чувствува, пред сé како Македонец и да се инспирира од чисто македонските идеали и најдостоинствено да го чува чистиот македонски карактер на ослободителната борба“.

Се разбира, дека читајќи ги ваквите ставови бугарската цензура без размислување го забранила печањето на весникот во софиската печатница, - вели д-р Георгиевски.

Делчев тргнал на средба со Сандански кога бил убиен во Баница?!

Благодарејќи на тоа што печатарскиот отисок на овој специјален број од весникот на кукушкото Културно-добротворното братство “Гоце Делчев“ од Софија бил некако спасен, сега може да се прочитаат автентични сведоштва на луѓе кои биле блиски до Гоце Делчев, го познавале лично или имале можност изворно да слушаат за него од неговите пријатели и соборци. Така, на петтата страница, објавена е графика со ликовите на Гоце Делчев и Јане Сандански, а заедно со неа и текстот на Иван Харизанов за неразделните врски меѓу нив двајцата.

Имено, познато е дека двајцата најупорно се бореа против странските влијанија во Организацијата, а кога агентите на тие влијанија решија да дигнат сеопшто востание, двајцата остро и упорно се спротивставија затоа што знаеја дека тоа води во катастрофа за Македонскиот народ. Овде, во овој весник, првпат, според нас, Харизанов сведочи дека Гоце, по разочарувачката средба со Даме Груев во Солун “се

упати на средба со пиринскиот цар Јане Сандански за да се консултира со него за ставот околу дигањето на востанието, но не успеа да стигне до него, зашто на патот го пронижа напријателскиот куршум“.

Во продолжение на оваа статија, напишана во 1938-та година, значи само 35 години по Илинденското востание од сведок на тие настани, со право се констатира, дека “историјата не може да го дознае евентуалното решение на тие два гиганта на револуцијата, доколку успееја да се сретнат, а ние сме лишени можеби од една од најдраматична страница од историјата на Организацијата. Едниот го убија пред да стигне, а другиот со тага се потчини на фрлената жрепка и со борба во Пирин даде пример на самопожртвуваност и тогаш кога таа беше предвремена“. Досега, барем официјално, единствено се знаеше дека Гоце Делчев, два дена пред убиството во Баница, имал средба со Иван Гарванов и Даме Груев во Солун, но не се спомнуваше дека од Солун тргнал кон базата на Јане Сандански на Пирин.

Освен оваа исклучително интересна статија на Харизанов, овде е планиран, и пробно отпечатен, и текстот на Кирил Николов за Делчев и за мирот меѓу народите, во кој меѓудругото, се потенцира ставот на Гоце за тоа, дека Македонците не се борат против Турскиот народ, туку против спахиите и беговите, како и тоа дека никогаш не треба да се губи верба во силите на народот, а тој секогаш треба да смета, пред сè, на себеси, зашто, според Гоце “ослободувањето на Македонија мора да биде дело на поробениот Македонски народ“.

Многу интересен е и третиот текст на истата страница посветен на Гоце Делчев како “совршен водач“ во кој сосема јасно се укажува на тоа дека “колку што Левски има заслуга за слободата на бугарскиот народ, толку, па и повеќе, Гоце Делчев со своите далекувиди раволуционерни гледишта придонел за осознавањето и националната слобода на Македонскиот народ“. Притоа, треба да се знае, дека ова е напишано во 1938-та година кога Македонците сè уште немаа своја национална држава.

Текстот завршува со: “Гоце Делчев немаше личен живот. Тој не припаѓаше на себеси, не само по форма, како другите, туку и по суштествување. Припаѓаше на илјадниците што ги пробудил и што ги водеше кон ослободување. Таканаречените човечки радости беа непознати за него, зашто надвор од борбата, надвод од народот, за него немаше ниту

смисла, ниту радост. Такво саможртвување е свето и достојно само на малкумина под сонцето“.

Зборовите му беа како гром

Дури две големи страници во овој за јавноста непознат весник им се отстапени на македонската академска младина. За Гоце Делчев како “гениј на македонското револуционерно движење“, меѓу другите пишуваат Најдо Стефанов, Александар Бродин, Петар Пенков, Паскал Николов, Иван Керзиев, Васил Александров, Јордан Ризов, Петар Трајков и други. Во статијата “Ние за Гоце“, авторот Стефанов пишува дека “Гоце Делчев беше самостоен и назависен во борбата; не бараше туѓа поткрепа, не допушташе туѓо мешање од кое толку многу страда и губи македонското ослободително движење, искористувано за туѓи цели и задачи“.

За Бродин, пак, тој е револуционер со енергија за борба, со чувство за правда, демократ со полна верба во народот, но и “незаменлив практичар и реалист со остроумност на мислител и со необичен талент на организатор“. Во истата статија за Гоце Делчев се вели, дека е “великан на запалената борба на Македонскиот народ во почетокот на овој век, целиот претворен во љубов кон поробениот народ и слободата“.

Според Пенков, пак, Гоце е генијот на македонското революционерно движење, инспиратор на идејата за слободна и независна Македонија. Во неговата статија, исто така, се вели дека тој “создаде најмоќна раволуционерна организација на Балканот, која му покажа на светот, дека во Македонија народот живее во ропство“. Тој добро ја знаеше историјата на својот народ, вели Пенков, а уште подобро се служеше со демократските идеи што одиграа главна улога при обединувањето на сите македонски сили. Завршувајќи ја својата инспиративна статија, тој ќе рече, дека “зборовите на Гоце паѓаа како гром и ги раздвижуваа срцата на намачениот Македонски народ“, и затоа тој народ “насекаде го очекува, насекаде го бара, зошто знаеше дека неуморниот апостол ќе ги посети и најзафрлените места за да даде живот на оладените срца“.

Веднаш до оваа статија на Пенков е текстот на Паскал Николов во кој се потенцира дека поминале 35 години од смртта на Гоце Делчев, но “тој не само што не е заборавен туку

стана знаме на Македонскиот народ и срце на македонската младина, затоа што живееше и се бореше со чист патриотизам - љубов и кон нашиот народ, и кон сите други народи“. И младиот Иван Керзиев се приклучува на ваквите зборови, додавајќи во својата статија, дека “не гледа друг пример рамен на него“. Јас не познавам, вели тој, друго име на революционер, име така скапо и блиско до срцата, до Македонецот. Тој е срце и душа на македонската револуција. Тој е и умот на таа револуција: “Ние младите со голема жед пиеме од незаматениот извор на неговите идеи; ние младите во чии срца блика чувство за правда и слобода на нашиот поробен народ, никогаш нема да ја заборавиме неговата идеја, и не само што нема да ја заборавиме, туку ќе живееме со неговите идеи, неговото дело, неговата борба. Зашто тоа се идеи испишани со крв, борба, со дело кое не знаеше за поткуп и уцена, со дело надоено со хероизам, идеализам и самопожртвуваност“, пишува Керзиев дополнувајќи ја огромната љубов на македонската академска младина кон својот учител и борец за ослободување на Македонија.

Во нивните души, ликот на Гоце претставува симбол на човечките права и патоказ по кој може да се дојде до национална и социјална слобода на својот поробен Македонски народ.

И следната, седма страница под наслов “Младината и Гоце Делчев“ содржи статии за македонската младина која ја има наследено идејата на Гоце за мир и културна соработка меѓу народите. Авторот П.Г.Танчев пишува: “Ние го цениме високо мирот, зашто најмногу ги почувствувавме ужасите на војната. Нашите татковци и браќа беа на бојните полиња, а ние прогонети од нашите родни места ги поминавме најдобрите години во ништожност и мизерија. Резултатот од војната за нас е разделена и поробена татковина. Македонската младина останува верна на идеите на Гоце и во тоа е гаранцијата дека нашата татковина ќе биде слободна и независна“.

Македонија треба да се бара и да се избориме за неа!

Во статијата на В.Александров, пак, се истакнува дека уметничката литература претставува главно средство во борбата за национално и социјално ослободување на народите, а Македонското ослободително движење, пишува авторот, уште од најрано време нашло свои изразити творци во Миладиновци, Рајко Жинзифов, Трајко Китанчев и други. На крајот од својата статија, Александров укажува дека македонските литерати треба повеќе да се активираат во борба за национална и социјална слобода на својот

поробен Македонски народ, па во врска со тоа пишува: “Денес за македонските културни работници тоа прашање е отворено. Време е во македонското национално-ослободително движење уметничката литература поорганизирано и поздраво да го заземе своето место“.

Многу важни текстови за македонската историја можат да се прочитаат на осмата и деветтата страница на овој весник посветен на Гоце, а забранет од бугарската цензура, односно власт, во 1938-та година. Станува збор за текстовите на Ѓорѓи Бакалов, Коста Веселинов, Ѓорѓи Деспотов и Павел Шатев. Првиот пишува за грижата на Гоце Делчев за револуционерната литература, вториот за тоа како тој ја разбирал националната слобода, третиот пишува за Гоце како национална гордост, додека Павел Шатев се задржува на биографијата на Делчев со темелна анализа на неговата личност. Така, Бакалов, на пример, пишува дека сакал да издаде една француска книга со револуционерна содржина, но и покрај сите усилби не успеал да најде средства за тоа. Пред да се откаже од намерата да ја објави “Историјата на еден селанец“ од Ерман и Шатријан, се обратил до Гоце Делчев, образложувајќи му ја содржината на книгата и нејзиното влијание што ќе го има меѓу поробениот народ ако биде објавена. На тоа свое писмо Бакалов добил одговор од Гоце, а тој во текстот пренесува: “наскоро добив одговор на писмото, во кој Делчев ја поздрави идејата таа книга да се издаде и да се распространи и во Македонија.“

Одговорот на Гоце содржеше конкретен предлог: “да се зафатам со преведувањето и издавањето на книгата од која тој однапред ангажира 500 примероци за Македонија“. И овој податок, барем нам, досега не ни беше познат; имено дека Гоце, освен со пушки, Македонскиот народ го снабдувал и со книги! Завршувајќи го текстот во време кога Македонскиот народ се ̓ уште нема своја држава, Деспотов ќе напише: “Денес кога над нас се нафрлиле најбескрупулозните црни диктатори, кога Македонскиот народ е прикован како Прометеј, одземајќи му ги природните права да пишува и да зборува на свој мајчин јазик, духот, светлиот дух на македонската револуција, ги инспирира младите за нови подвизи за да ја исполни заклетвата на својот учител; ништо не е во состојба да ја запре борбата за слободна и независна Македонија“. Мошне жестока е и статијата на Коста Веселинов за тоа како Гоце Делчев ја разбира националната слобода. Во неа јасно и прецизно се изнесени идеите и стремежите на Гоце за македонската национална слобода, како и борбата против странските пропаганди во Македонија.

Сепак, централно место на деветтата страница во весникот за Гоце зазема статијата на Павел Шатев, заедно со две ајдучки песни на Пејо Јаворов. Легендарниот гемиџија ја почнува статијата со тоа, дека Гоце Делчев “беше најпредан, најплеменит борец за

слободата на Македонија и одан чувар на внатрешноста и самостојноста на револуционерната борба; голем непријател на секое надворешно влијание од каде и да доаѓаше. Како таков, вели Шатев, тој е најголема фигура на македонското ослободително движење и типичен претставител на епохата во која живееше“.

За Шатев, Гоце е најактивен деец, апостол за слободата на Македонија, и по дух и талент вистински македонски револуционер и водач! Водач, кој по дух, скромност, волја, великодушност, сознание, храброст и самопожртвуваност, ги надмина сите негови идејни сомисленици.

Само Гоце имал моќ да обединува

Во својата статија објавена во весникот, Шатев изнесува и неколку карактерни особини на Гоце Делчев кои или не се знаат или не се доволно презентирани во јавноста. Имено, Шатев пишува дека Гоце не бил само организатор, војвода, борец за правда и слобода, туку и создавач! Посветен на македонската револуционерна идеологија и спасувачка тактика во борбата, која среде сите пресврти на судбината, историски се докажа дека беше самостојна, и верна, и спасувачка.

Исто така, според Шатев, само Гоце имал талент за обединување; тој со својот благ карактер, со својот осет за контакт и со ред други лични квалитети, смета Шатев, ги групирал и обединувал лицата со најспротивни карактери и темпераменти. Со млади и стари, со граѓани и селани, со богати и сиромаси, вели Шатев во овој ретко убав и прецизен текст за Гоце.

Според гемиџијата Шатев, Гоце Делчев знаел да соработува со сите, и секого според силите и способностите сакаше да го насочи во полза на општото дело. Зборуваше и постапуваше без злоба, завист и гордост. И не само во националниот однос, туку и во неговото социјално-политичко сфаќање и становиште, Делчев покажа една голема проникливост, својствена на голема творечка личност во историјата на народите.

Со таа проникливост, со сопствената скромност, со големата преданост кон ослободителното дело, тој пројави квалитети кои по сила и значење во револуционерната борба се од извонредно голема важност и го прават најголема фигура во македонската ослободителна борба. На овој текст на Шатев се надоврзува Ангел Динев, кој на последната страница од весникот објавува текст за “човекот и револуционерот Гоце Делчев“.

Во својот текст, Динев пишува, дека за тоа како Гоце Делчев им простил на двајцата врховистички агенти Ѓорѓи Китанов и Димитар Белев, кои заедно со Дончо арамијата требало да го убијат Гоце некаде во Серско. Откако ги фатиле, ги однеле кај него и побарале казна за нив, Гоце им рекол: “Пуштете ги тие луѓе на слобода; тие не се осознаени како Македонци. Однесувајте се добро со нив и ќе видите дека тие ќе бидат полезни за делото на кое му служиме“. Врховистичките агенти биле ослободени.

Интересно е и сведоштвото на Ангел Динев за решеноста на некои македонски револуционери да го убијат кнез Фердинанд. Гоце повторно ги разубедил да не го прават тоа, зашто тој не е единстеното зло на ослободителното дело и дека зад него стојат други личности, кои со уште поголема омраза ќе се нафрлат врз Македонците по неговата смрт. И во таа пригода Гоце ги спречил луѓето на македонската револуционерна организација да го убијат Фердинанд.

Затоа и во последниот текст на крајот од последната страница, Ѓорѓи Цибрилов ќе подвлече дека “делото на тој голем Македонец создаде легенда од него и го направи наше знаме“!

Превземено од МИА.